Здружение за поддршка на семејстава, поединци и групи
СРЕЌЕН ЖИВОТ – Тетово

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2017

Тетово, 2017

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Здружението за поддршка на семејства, поединци и групи СРЕЌЕН ЖИВОТ од Тетово е доброволно, непрофитно, невладино, здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на Република Македонија. Здружението Среќен живот како граѓанска организација е формирано во 2001 година. Во 2012 год. отвори своја подружница – Огранок СРЕЌЕН ЖИВОТ СКОПЈЕ, Скопје – Сопиште. Членка е на мрежата Женска Граѓанска Иницијатива АНТИКО, Скопје. Во својата долгогодишна работа организацијата работи на унапредување на ментално здравје на деца, млади и жени, промовирање на мултикултурно разбирање, почит толеранција и комуникација меѓу припадниците на различни етнички групи; организирање и спроведување на семинари, работилници, панел дискусии како и други едукативни активности поврзани со секојдневните и специфичните потреби на целните групи.

## ГЛАВНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

I. Образование
II. Мултиетнички дијалог
III. Човекови права
IV Граѓанското општество

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

- Млади и деца
- Лица со посебни потреби
- Наставници од основни и средни училишта
- Жени

## МИСИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Визионерски пристап за зајакнување на демократските вредности во мултиетничка држава, подобар живот за сите граѓани, и постигнување на мултикултурен соживот во мир и разбирање за сите луѓе во Република Македонија. Промовирање на менталното здравје на деца, млади и жени и нивна социјализација и вклучување на ранливи и маргинализирани групи во секојдневниот живот.

# Наративен и финансиски ИЗВЕШТАЈ 2017

Здружението СРЕЌЕН ЖИВОТ за остварување на своите програмски подрачја во 2017 година спроведе проектни активности од реализирани проекти:

**Проект: " „Здружени сили за заеднички интереси„ финансиран од ЦОСВ- Комитет на организациите за волонтерски услуги**

**Партнери:** Општина Теарце

**Период на спроведување:** од 1.07.2017 до 30.06.2018

**Целна група:** Здруженија на граѓани , институции и граѓани на Општина Теарце

**Опис на активноста:** Како Менторска организација за Општина Теарце за зајакнување на влијанието на граѓанското општество во унапредувањето на односите во заедницата преку партиципативна демократија

**Постигнат резултат:** Формирано Општинско тело,одржани 4 граѓански форуми на кои се идентификуваа потребите на заедницата и спроведена иницијатива за решавање на дел од проблемите во основните училишта во Општина Теарце.

**Проект: „Инклузија на жени од етнички заедници на пазарот на трудот„** финансиран од CARE Германија/ Луксембург и Женска Граѓанска Иницијатива АНТИКО, Скопје

**Партнери:** Општина Тетово

**Период на спроведување:** од 20.03. 2016 до 20.06. 2017

**Целна група:** невработени жени од етнички заедници од Тетово

**Опис на активноста:** Како Организација соработник за Тетово спроведени активности за овозможување на инклузивен пазар на труд во Тетово за вработување на жените од етничките заедници, зајакнување на нивните капацитети за вработување преку обуки, изнаоѓање фирми за практицирање .

**Постигнат резултат:** Зајакнати капацитети на 47 жени, вработени 5 жени.

**Проект: " Наше кино„ Кампања: „Мрдни со прст“.**

**Партнери:** ООУ„Симче Настовски“Вратница

**Период на спроведување:** од 06.03.2017 до 30.03.2017

**Целна група:** млади лица од селата Вратница, Беловиште, Старо Село, Рогачево, Јажинце и Орашје

**Опис на активноста:** Уредување и опремување на кино сала, отварање на кино сала, подготовка на презентации и отварање на кино сала.

**Постигнат резултат:** Мобилизирани 59 млади лица и 67 граѓани од руралната заедница ( Вратница, Орашје, Јажинце, Старо Село, Рогачево, Беловиште) и нивно активно вклучување во активностите , отворена кино сала во Вратница

**Проект**: "Креативен центар за деца со посебни потреби "Вратница
**Партнери:** Здружение Златна Рака Тетово

**Период на спроведување:** мај и јуни 2017

**Целна група:** 7 деца со посебни потреби

**Опис на активноста:** Социјализација на децата со посебни потреби, развивање на нивни креативни способности, развој на моторика, мислење и помнење.

**Постигнат резултат:** Спроведени се вежби и активности со кои се подобрува и развива моториката, мислењето и помнењето кај овие деца кои што ги водат стручни лица (психолози, педагози и дефектолози), професори по музичко и ликовно образование кај 7 деца со посебни потреби.

Проект: Социјална инклузија
**Партнери :** СУ Наце Буѓаку – Куманово
**Период на спроведување :** Август 2016 – Март 2017
**Опис на активноста :** Сервисни услуги за Кариерно и Психо-социјално советување на млади од ранливи и маргинализирани групи.
**Целна група** млади од ранливи и маргинализирани групи
**Постигнат резултат:** Обучени 30 млади луѓе кои се изложени на ризик од социјална исклученост преку кариерна ориентација и психо-социјално зајакнување .

Здружението спроведе  активности во **соработка** со други граѓански организации и институции:

- Во соработка со Женската граѓанска иницијатива Скопје:
    - Вклучување во кампања ,,16 дена активизам во борба против насилство врз жената и   семејно насилство,, организирање на работилници со ученици.
- Агенција за вработување - информации за распоред на  обуки за невработени жени за компјутери и јазици
- Центар за социјална работаТетово-информирање за невработени жени кои се социјални случаи и учество на состанок за социјален дијалог
- Работнички универзитет - информации за  курсевкои ги спроведуваат и за прифаќање на невработени жени на пракса
- ООУ„Симче Настовски“ Вратница-отстапување  простор за отварање на кино сала
- Средно текстилно училиште  Тетово - Информации за условите кои ги нудат за спроведување на курс за шиење на невработени жени
- СТАРТЕР ФОН Тетово - прифаќање на жена за обавување пракса
- флизерските салони ,,Diamond Beauty Academy,,  ,,Теута,, и ,,Идеа,, од Тетово и Флизерски салон „Данче“ од Теарце - Барање на понуди за цена по жена за одржување на курсеви и условите кои ги нудат
- Аптека „R&R pharm “  -Мала Речица, - прифаќање на жена за обавување пракса
- Приватен Салон за физиотерапија „МАКСИМУС“ Тетово  - Прифаќање на жена за обавување пракса
- Женски Форум  -Тетово  - учество во фокусни групи за ставовите на жителите на општина Тетово за родова рамноправност, познавање на законската рамка и придобивките од неа за еднакви можности - Акциски план на Општина Тетово  за еднакви можности меѓу жените и мажите. Планот е подготвен од Женски Форум – Тетово а улогата на нашето здружение беше како членови на работната група.
- Центар за едукација и развој (ЦЕД) Теарце :

  - Спроведување на активности во рамки на проектот „JEC обука за млади претприемачи“.  Регрутирање на  6 млади лица  со посебни потреби  и пречки во развојот за учество во обуките и

  - Регрутирање на 10  млади лица  за  обука за кариерно советување

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

За периодот Јануари-Декември 2017 година

| | | |
|---|---|---|
| ***РАСХОДИ:*** | | |
| ***Материјални расходи,услуги и амортизација*** | | ***51,191.00*** |
| Потрошени материјали | 14,687.00 | |
| Потрошена енергија | | |
| Други услуги | 24,500.00 | |
| Превозни-транспортни услуги | 4,004.00 | |
| Други материјални расходи | 8,000.00 | |
| | | |
| ***Други расходи*** | | ***491,796.00*** |
| Провизија за платен промет | 4,502.00 | |
| Негативни курсни разлики | | |
| Други расходи | 487,294.00 | |
| ***Плати и надоместоци од плати*** | | |
| Даноци и придонеси кој не зависат од резултатот | | |
| | | |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ:*** | | ***542,987.00*** |
| | | |
| ***ПРИХОДИ:*** | | 543,364.00 |
| ***Приходи од продажба на производи и услуги*** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 5.00 | |
| Приходи од членарина,подароци | 102,484.00 | |
| Пренесен вишок на приход од претходна година | 440,875.00 | |
| Вонредни приходи | | |
| | | |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ:*** | | ***543,364.00*** |
| | | |
| **РЕКАПИТУЛАЦИЈА** | | |
| | | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ:** | | **543,364.00** |
| | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | | **542,987.00** |
| | | |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ:** | | **377.00** |
| **ВИШОК НА РАСХОДИТЕ:** | | |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **377.00** |

Тетово, 2017 год

Здружение СРЕЌЕН ЖИВОТ